<table>
<tr><td colspan="3">Седмица: 8 Час: 5
Датум:</td><td colspan="3">Тема 2: Работа со текст
Наставна единица: Набројување во текст</td><td>Одделение:
IV</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнувањата</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td rowspan="3">Да знае да врши набројување во текст</td><td><u>Сите можат:</u>
да ја препознаат потребата од набројување во текст</td><td>Поведувам дискусија за роденденска забава и правење список на гости. Дали ги запишувате имињата на другарчињата едно под друго или едно покрај друго? Објаснуваат кој начин е полесен за набројување.</td><td>З
метод на разговор</td><td rowspan="3">Детски компјутери

LCD проектор

Учебник</td><td>Дискусија</td></tr>
<tr><td>30 мин.</td><td><u>Повеќето можат:</u>
да набројуваат во текст со користење знаци и броеви</td><td>• Активности за набројување во текст со знаци или со броеви.
- Наставникот на LCD проектор им демонстрира на учениците набројување во текст на два начини.
<u>Прв начин</u> може да се изврши преку менито Форматирај > Точки и нумерирање во јазичињата Точки, Тип на нумерирање, а во Графика може да се менува графичкиот приказ на точките.
<u>Втор начин</u> покажувам каде се наоѓаат кратенките за набројување со точки и набројување со броеви во алатникот за форматирање. Набројувањето во текст се врши на тој начин што кога ќе го внесеме текстот, го селектираме, а потоа преку Форматирај > Точки и нумерирање ќе одбереме дали набројувањето да биде со знаци или броеви.
- Учениците работат во парови на детските компјутери. Треба да напишат список со 20 ученици и секое име да биде напишано во нов ред. Набројувањето на 10 ученици треба да биде во еден стил по нивен избор, а другите 10 ученици во друг стил. Наставникот ја контролира работата на учениците и помага доколку има потреба од помош.</td><td>метод на демонстрација

П
метод на работа со компјутер</td><td>Набљудување

Изработен список со набројување</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td><u>Некои можат:</u>
да користат и други знаци за набројување во текст</td><td>Да ги запишат имињата на нивни омилени филмови, а потоа да користат стрелка како знак за набројување. Следна активност е да го сменат знакот за набројување во празно крукче.</td><td>И
метод на работа со компјутер</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста</td><td colspan="3">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td>Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Воведен дел: Дискусија за начин на набројување
Главен дел: Активности за начини на набројување во текст, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап
Завршен дел: Активност за практична примена на стекнатите знаења</td><td colspan="3">Од учебникот на стр. 32 да ја изработат четвртата активност</td><td>набројување во текст, знаци, броеви.</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk